Regional Centre for Forestry and Rural Development
contact@refordcentre.org

# РЕФОРД и PEFC сертификација на шумите

## Вовед

РЕФОРД е независна, непартиска, непрофитна и автономна граѓанска организација основана во 2010 година според одредбите на Законот за здруженија и фондации. Иницијативата за основање на РЕФОРД потекнува од основачите на оваа организација, инспирирана од поддршката на здруженијата на сопственици на приватни шуми од Балканот.

Мисијата на организацијата е насочена кон постигнување на поширок општествен интерес за поддршка на руралниот развој преку одржливо управување со природните ресурси по пат на:

- Споделување на нови технологии, искуства и методи на работа;

- Зголемување и зајакнување на свеста, социјалната и економската моќ на руралното население;

- Сите други активности кои можат да помогнат во остварувањето на мисијата.

Членовите на Собранието на РЕФОРД одлучија да додадат и *„одржување и подобрување на квалитетот, здравствената состојба и економската вредност на шумите во Северна Македонија преку промоција и спроведување на стандардот PEFC за одржливо управување со шумите во Северна Македонија“* како начин да се постигне мисијата на организацијата.

Активностите кои ќе бидат преземени за реализација на мисијата на организацијата се наведени подолу:

• Едукација на локалните заедници и граѓански организации, со акцент на руралните средини (обуки, консултации, работилници);

• Придонес во развојот на приватните и комуналните шуми;

• Подобрување на практиката на одржливо управување со природните ресурси;

• Промоција на иницијативи за рурален развој (консолидација на земјиште, развој на синџири на производство, обновливи извори на енергија, шумарство и агрошумарство, недрвни шумски производи);

• Промоција на интегрирано управување со природните ресурси со цел да се намалат негативните ефекти од климатските промени;

• Фокусирање на економскиот развој на локалните заедници;

• Имплементација на проекти;

• Соработка и консултации со локалните заедници;

• Соработка, консултација и едукација на локални и национални институции.

Членовите на Собранието на РЕФОРД одлучија формално да додадат нови активности:

• *Воспоставување, одржување и подобрување на националниот систем за управување со шуми по PEFC во Северна Македонија;*

• *Учество и соработка во одржувањето на PEFC балканскиот систем за сертификација на шумите;*

Поради тоа, РЕФОРД ја прифати ДЕКЛАРАЦИЈАТА за формирање на Национален совет за PEFC сертификација, која ја регулира идната работа во однос на управувањето со процесите на PEFC во Северна Македонија, со цел *да им обезбеди на засегнатите страни фер, постојана и соодветна можност да влијаат врз донесувањето одлуки на организацијата кои се однесуваат на PEFC сертификацијата.*

## ДЕКЛАРАЦИЈА

### за формирање на Национален совет за PEFC сертификација на шумите

**член 1**

Во рамките на РЕФОРД се предвидува формирање на консултативно тело за сертификација на шумите по PEFC, понатаму наречено „Национален совет за PEFC сертификација“.

Националниот совет за PEFC сертификација (Национален совет) е составен од претставници на клучните чинители во шумарството, обезбедувајќи им на засегнатите страни правична, постојана и соодветна можност да влијаат на процесот на донесување одлуки во врска со PEFC сертификацијата.

Националниот совет е консултативно тело чија главна и единствена одговорност е да работи на прашањата поврзани со сертификација на шумите по PEFC.

Законскиот застапник на РЕФОРД ќе ги почитува одлуките на Националниот совет во врска со сертификацијата на шумите по PEFC.

**член 2**

Главната одговорност на Националниот совет е да го развива, одржува и подобрува PEFC националниот стандард за одржливо стопанисување со шумите.

**член 3**

Членовите на Националниот совет се назначуваат од клучните чинители во шумарскиот сектор, на покана на претседавачот на Националниот совет или по нивно сопствено барање за учество.

За прифаќање на барањата за членство одлучува Националниот совет со мнозинство гласови.

**член 4**

Членовите на Националниот совет назначуваат и разрешуваат претседавач на советот.

Претседавачот на Националниот совет:

- подготвува материјали за седниците на Националниот совет;
- води записник од седницата на Националниот совет;
- комуницира со законскиот застапник на РЕФОРД за прашања кои се поврзани со финансии и администрација;
- поднесува годишен извештај до Собранието на РЕФОРД.

**член 5**

Седниците на Националниот совет ги свикува претседавачот.

Националниот совет на своите седници одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, додека за полноважна одлука е потребно присуство на мнозинство од неговите членови.

Националниот совет на своите состаноци одлучува за документите и процедурите поврзани со PEFC националниот стандард за одржливо стопанисување со шумите.

**член 6**

РЕФОРД е правно лице кое го претставува националното тело за управување (НТУ) за PEFC системот за сертификација на шумите во Северна Македонија. Улогата на РЕФОРД како PEFC НТУ е:

- да воспостави и одржува ефективна комуникација со Советот на PEFC;
- да комуницира и да дејствува со други НТУ кои се дел од PEFC балканскиот систем за сертификација на шумите, согласно одредбите од Меморандумот за разбирање потпишан во Скопје, 2023 година;
- да воспостави ефикасна комуникација со национални и други тела за акредитација;
- да го поддржува и застапува интересот на Советот на PEFC во Северна Македонија;
- да придонесе во развојот на PEFC сертификацијата во Северна Македонија;
- да управува со националниот систем за управување со шуми по PEFC, кој вклучува потпишување на договор за администрација со Советот на PEFC, известување и склучување договори на сертификациски тела, да се грижи за финансиска документација и обврски поврзани со PEFC и други административни односи;
- да промовира и да обезбеди видливост на PEFC на својата веб-страница и други медиуми;

РЕФОРД — во Скопје, 09 јули 2024

Законски застапник

Иван Минчев